Уп. бр.08-117

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ауди Акциенгезелшафт, со седиште на Ауто-Унион-Штр. 1, 85057 Инголштат, Германија, и Ислеро Инвестментс АГ, со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија, преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 14.10.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Ауди Акциенгезелшафт, со седиште на Ауто-Унион-Штр. 1, 85057 Инголштат, Германија и Ислеро Инвестментс АГ, со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија, ќе стекнат заедничка контрола врз Заубер Холдинг АГ, со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 02.09.2022 година, а дополнето на 09.09.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од страна на Ауди Акциенгезелшафт, со седиште на Ауто-Унион-Штр. 1, 85057 Инголштат, Германија и Ислеро Инвестментс АГ, со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија со која Ауди Акциенгезелшафт Германија и Ислеро Инвестментс АГ Швајцарија ќе стекнат заедничка контрола врз Заубер Холдинг АГ, со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија, по пат на купопродажба на удели.

Пред конвентрацијата Ислеро Инвестментс АГ Швајцарија поседува 100% од акциите во Заубер Холдинг АГ Швајцарија.

Со концентрацијата Ауди Акциенгезелшафт, Германија ќе стекне 24.9% од акциите во Заубер Холдинг АГ, Швајцарија од Ислеро Инвестментс АГ, Германија, со цел да ја продолжи деловната активност на Заубер Холдинг АГ, Швајцарија и неговите претпријатија-ќерки заедно со Ислеро Инвестментс АГ Швајцарија. ххх

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Ауди е главно активно во областа на дизајнот, производството, снабдувањето и дистрибуцијата на автомобили, како и производството и снабдувањето со резервни делови за автомобили. Ауди е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Фолксваген АГ (*Volkswagen AG*). ххх

Групацијата Фолксваген е производител на патнички и комерцијални возила, и ги нуди своите производи под брендовите: Фолксваген (*Volkswagen*), Фолксваген Комершал Вииклс (*Volkswagen Commercial Vehicles*), ШКОДА (*ŠKODA*), СЕАТ (*SEAT*), КУПРА (*CUPRA*), Ауди (*Audi*), Ламборџини (*Lamborghini*), Бентли (*Bentley*), Дукати (*Ducati*) и Порше (*Porsche*). Групацијата Фолксваген е активна и во други деловни области, како што се производство на дизел мотори со клипови со клип со голем дијаметар (анг. *large-bore diesel engines*) за поморска и стационарна примена, турбополначи и машини, специјални менувачи, компресори и хемиски реактори. Покрај тоа, Групацијата Фолксваген нуди широк спектар на дополнителни брендови и деловни единици, вклучувајќи финансиски услуги. Фолксваген Фајненшл Сервисис АГ (*Volkswagen Financial Services AG*) се состои од финансирање на дилери и клиенти, лизинг, банкарски и осигурителни активности и управување со возниот парк.

Групацијата Фолксваген ги има следните претпријатија-ќерки основани во Северна Македонија:

- Друштво за лизинг ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје и со регистрирана дејност-финансиски лизинг;

- Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3 Скопје, и со регистрирана дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

- Друштво за трговија и услуги СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Илинден, со регистрирано седиште на Улица 34 бр.7, Илинден, Скопје и со регистрирана дејност-трговија со останати моторни возила и

- Друштво за промет и услуги ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.4, Скопје и со регистрирана дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

Ислеро Инвестментс АГ е финансиска холдинг компанија која поседува 100% од акциите во Целното друштво.

Ислеро Инвестментс АГ нема присутво во Република Северна Македонија.

Заубер Холдинг АГ е чиста холдинг компанија која ниту е вклучена во оперативни активности ниту директно во финансирањето на оперативните правни лица. Има две оперативни претпријатија-ќерки: (1) Заубер Моторшпорт АГ (*Sauber Motorsport AG*) кое управува и работи со тркачкиот тим Алфа Ромео Ф1 Тим ОРЛЕН (*Alfa Romeo F1 Team ORLEN*) во Формула 1; главниот опсег на нејзината активност вклучува натпреварување во Светскиот шампионат на ФИА во Формула 1 како конструктор и развој на тркачки автомобили во Формула 1 и промовирање на брендот и учеството на тркачкиот тим, исто така, ги користи своите капацитети за развој, производство и тестирање за да обезбеди услуги на трети страни; и (2) Заубер Технолоџис АГ (*Sauber Technologies AG*), кое е активно во активностите за истражување и развој на спортот со моторни возила и нуди на Формула Еден убедлива експертиза во инженерството, производството и аеродинамиката на трети страни. Ова вклучува 3Д печатење и тестирање на аеродинамичниот тунел за различни производи и решенија.

Заубер Холдинг АГ нема присуство во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**